**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5095/**

# З А П И С Н И К

**Од 255.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 23.08.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и буџет во МРТ, Емилија Николова-Раководител на Сектор за финансиско работење во МРТ и Розалина Н Димовска-Раководител на Оддление за правни работи во МРТ,Милена Младеновска-Одделение за планирање и реализација на буџети во МРТ и Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикална организација при МРТ.

Седницата започна во 11.20 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните и предложи последните две точки да се префрлат за наредна седница на Програмскиот совет на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред и едногласно го прифати предлогот.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 254.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства.

4. Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 254.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 254.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 254.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 254.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Милена Младеновска од одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година со пренамена на средства и даде согласност на истиот.
По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.
■**Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Милена Младеновска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните обасни дека со почетокот на работната 2024 година а во рамки на тековното работење на ЈРП МРТ се јави потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2024 година со дополнување на средства.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства и даде согласност на истиот.
По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства.

■**Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

ТОЧКА 4:**Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**
Розалина Н Димовска раководител на Оддление за правни работи во МРТ го образложи текстот на Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ и промените кои се извршени од документот кој беше на разгледување на минатата седница на Надзорниот одбот на МРТ.
Слаѓана Миливојевиќ Претседател на Синдикална организација при МРТ пред присутните членови објасни како се одвивале целокупните преговори и како се дошло до конечниот документ.

По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

■**Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател